Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02-616/4
13.08 2019 год./viti
Скопје/Shkup

Врз основа на член 2, глава а), точка 4 од Програмата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за 2019 година ("Службен весник на Република Севрна Македонија бр. 16/2019) и врз основа на член 14 став 1 алинеја 19 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, директорот на агенцијата донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ОТКУП НА ФОТОГРАФИИ СО МОТИВИ И ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЦИИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите за откуп на фотографии со мотиви и туристички локации за Република Северна Македонија од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за поддршка, со цел зголемување и потикнување на туристичката понуда на Република Северна Македонија, ае во согласност со Програмата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за 2019 година ("Службен весник на Република Македонија бр.16/2019 ")

## Член 2

Агенцијата за промоција и поддршка на туризам согласно програмата за 2019 година има определено средства во износ од 600.000,00 денари, кои ќе се исплаќаат од ставка 425 од буџетска сметка.

Откупот на финансиски средства ќе се реализира преку:

- Откупување на фотографии со мотиви и туристички локации на Република Северна Македонија кои до сега не се воопшто користени за други пропагандни цели.
- Максимален број на откупени фотографии е 200, во износ од 3.000,00 денари (без ДДВ) од фотографија

## Член 3

Откупот на фотографии со мотиви и туристички локации ќе се реализира со јавен повик објавен во два печатени весници.

## Член 4

На јавниот повик право на пријавување имаат сите заинтересирани правни и физички лица.

Доколку се работи за физичко лице, мора да достави неотуѓиво авторско право на фотографиите, во согласност со Законот за авторско право и сродните права (Службен весник на Република Македонија бр.23/2005 бр.115/2010)
Доколку се работи за правно лице/компанија треба да достави писмена изјава за авторот на фотографијата , како и изјава за ставање на авторски права за избраните фотографии на компанијата која располага со иситите.

Член 5

Постапката за откупување на фотографии со мотиви и туристички локации од член 2 ја спроведува комисија формирана од страна на Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, со следни надлежности:

- Комисијата го објавува јавниот повик;
- Комисијата ги прибира, отвара, разгледува и евалуира барањата;
- Комисијата е должна да состави записник од отворање на барањата, записник од евалуирање на барањата и извештај за постапката со предлог за избор на квалификувани барања (ранг листа).

Решение за изборна квалификуваните барања го донесува Директорот на Агенцијата, врз основа на извештајот од страна на Комисијата. Субјектите кои нема да бидат избрани на повикот ќе се известат во рок од 15 дена од конечниот избор и фотографиите ќе им бидат вратени по објавувањето на резултатите од Конкурсот.
Врз основа на решението за избор, Директорот потпишува договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со важечките прописи на Република Северна Македоија и согласно Законот за авторско право и сродните права со секој избран барател поединечно.

Член 6

Средствата за откуп на фотографии со мотиви и туристички локации ќе се извршат врз основа на евалуацијата на исполнување на следнава спецификација и следниве критериуми:

| **Спрецификација** |
| --- |
| Сите национални паркови и заштитени подрачја (до 15 фотоггррафии) |
| Планински пејсажи (до 15 фотографии) во четири годишни времиња |
| Активен туризам (до 15 фотографии) – качување по карпи, параглајерство, велосипедизам, кајакарство, кампинг, набљудување на птици, скијање и други екстремни спортови и надворешни активности |
| Градови во Република Северна Македонија (до 15 фотографии) – |

| |
|---|
| Скопје, Охрид, Струга, Вевчани, Дебар, Крушево, Битола, Прилеп, Велес, Куманово, Кратово, Берово, Струмица, Штип, Дојран, Ресен, Преспа, Тетово |
| Културно историски споменици (до 15 фотографии) – традиции, фолклор и манифестации |

| **Критериуми** |
|---|
| Фотографиите треба да бидат доставени во дигитален JPEG формат и печатен формат, со резолуција помеѓу 1-5 mb |
| Фотографиите не треба да бидат постари од 1 година |
| Фотографиите не треба да се претходно објавувани во весници, католози списанија или да учествувале на други конкурси |

Предност ќе имаат фотографиите кои ќе содржат познати туристички локалитети, знаменитости и локални занаети.
Комисијата е должна во рок од 10 дена по крајниот рок за доставување на барањата да состави ранг листа, согласно горенаведената спецификација и критериумите
Откупот на фотографдии со мотиви и туристички ќе врши се додека не се потрошат средствата од член 2.

Член 7

Барателите на овој правилник треба да ги достави следните документи:

1.Барањето на конкурс да биде во 2 примероци кој содржи име и презиме (ако се работи за физичко лице), или назив на компанијата (ако се работи за правно лице ) со назив: ЗА ОТКУП НА ФОТОГРАФИИ
2.Финансиската понуда за фотографиите кој се предмет на јавниот повик
3.Електронско Портфолио (ЦД) кое ќе содржи најмалку по 5 фотографии од туристичките локации во Република Северна Македонија, согласно спецификациите од член 6.
4. Доставените фотографии да се во JPEG формат, минимална резолуција помеѓу 1-5 mb, во принт (фотохартија) и електорнски на ЦД.

Член 8

По донесеното решение за изборна квалификуваните барања, добитникот треба да достави во рок од 10 дена:

- 50% од понудените фотографиите треба да бидат вертикални и 50% хоризонтални во дигитален TIFF формат во **висока резолуција 300 DPI** со големина од:
  **за хоризонтална минимум -** ширина 5000 пиксели, висина 3000 пиксели;
  **за вертикална минимум-** ширина 3000 пиксели, висина 5000 пиксели.

- Фотографиите треба да бидат со наведена локациија и троцифрен реден број (на пример јпг 005).
- Избраните фотографии дополнително да бидат доставени во оригинален формат, односно фотографија 30/40 цм и во дигитален TIFF формат, со висока резолуција соодветна за печатење на постери од 20 до 100 mb.

Понудувачот е должен фотографијата да ја достави целосно артистички и графички обработена.

Член 9

Фотографиите кои ќе содржат модели (личности) треба да бидат доставени со договор за согласност од личноста која е фотографирана (Model Release договор), доколку се работи за фотографии со малолетни лица задолжително и доказ за соласност од родител или старател. По откупување на ваквиот вид фотографии Агенцијата нема обврска за плаќање на било каков надоместок на личноста која е фотографирана.

Член 10

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот го задржува правото за следење, како и контрола на наменското трошење на средствата, како и нивен повраток доколку се утврдат било какви неправилности.

Член 11

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, како и Комисијата не подлежат на одговорност во случај на злоупотреба на авторските права од страна на самите учесници или трети лица за фотографиите пријавени на конкурсот.
Вработените во агенцијата како и членовите на комисијата немаат право на учество во јавниот повик.

Член 12

Потребните документи за пријавување да бидат доставени во затворен плик каде што во горната лева страна ќе биде означено со НЕ ОТВАРАЈ, додека барањето за пријавување да биде прикачено на самиот плик на кој истиот ќе може да се направи прием во Архивата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам,
Доколку барањето се доставува на пошта истото да биде доставено со доказ (повратница) на ул: ГТЦ локал 11, кат 2 секција 7, 1000 Скопје.

Член 13

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото донесување од страна на Управниот одбор, а ќе важи до 31.12.2019 година

Член 14

За евентуалните спорови кои ќе произлезат од Договорот, надлежен ќе биде Управниот суд, Скопје.

Бр.----------------------

----------------- 2019 година

ДИРЕКТОР

Љупчо Јаневски